РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 09-1402/4
09.11. 2023 год.

**ПОТВРДА ЗА ОДОБРУВАЊЕ
ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГП 1.16 СОГЛАСНО УПВНМ ЌОЈЛИЈА ЗА МУЛТИФУНКЦИОНАЛНА ЗОНА 2 ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2017-2027ГОД. (ОДЛУКА БР: 07-2319/11 ОД 14.01.2020ГОД.) КО ЌОЈЛИЈА, ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

Градоначалникот на Општина Петровец, решавајќи по барањето на **Друштво за производство, трговија на големо и мало, туризам, угостителство и услуги ОМНИА ПРОЕКТ ДОО увоз-извоз Битола,** во Општина Петровец поднесено под арх. бр. 09-1402 од 04.2023, за одобрување на Урбанистички проект за село, врз основа на член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23), го издава следното:

**РЕШЕНИЕ**

Се одобрува **Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.16 согласно УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона 2 Општина Петровец, плански период 2017-2027год. (Одлука бр: 07-2319/11 од 14.01.2020год.) КО Ќојлија, Општина Петровец,** со технички број **25/23** од 04.2023 год. изработен од Друштво за производство, трговија на големо и мало, туризам, угостителство и услуги ОМНИА ПРОЕКТ ДОО увоз-извоз Битола.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Друштво за производство, трговија на големо и мало, туризам, угостителство и услуги ОМНИА ПРОЕКТ ДОО увоз-извоз Битола, поднесе барање за одобрување на Урбанистичкиот проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.16 согласно УПВНМ Ќојлија за мултифункционална зона 2 Општина Петровец, плански период 2017-2027год. (Одлука бр: 07-2319/11 од 14.01.2020год.) КО Ќојлија, Општина Петровец, со технички број 25/23 од 04.2023 год.

Со барањето ја приложи следната документација и докази:

1. Проектна програма (pdf)

2. Ажурирана геодетска подлога (dwg)

3. Извод од урбанистичка документација

4. Геодетски елаборат

5. Полномошно

6. Податоци информации и мислења од релевантни институции

7. Ревидиран Урбанистички проект (pdf.dwg)

Комисијата за урбанизам формирана од Градоначалникот на општина Петровец со Решение бр. 08-865/1 од 10.04.2023 година, по проучувањето на приложената документација со барањето и извршениот увид, констатира дека барањето е основано и Урбанистичкиот проект со тех.бр. 25/23 може да се одобри. Истото го потврди со мислење од комисија со бр. 09-1402/3 од 02.11.2023 година.

Градоначалникот на општината Петровец по извршениот увид на приложената документација со барањето и предлогот од Комисијата за урбанизам констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20 и 111/23). Врз основа на тоа, а согласно член 62 став 7 и став 10 од Законот за урбанистичко планирање донесе решение како во диспозитивот.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова Решение,барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобранието до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административни такси.

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
**Градоначалник**
**Борче Митевски**